Врз основа на член 20 став 1 алинеја 2 и член 39од Законот за судска служба(„Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/2018, 248/2018 и 235/22), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работно место за кои е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.275/20), Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Управен суд Су-04.бр.0101-10/21 од 08.02.2021 година, како и Согласноста за пополнување на слободни работни места одСудски буџетски советбр.08-1243/5 од 09.11.2022 година, Управниот суд, објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.1/2022**
**За кариерено унапредување на 6 судски службеници**

1. **Раководител на стручно-правна служба–Категорија Б, Ниво Б-2 – 1 (еден) извршител;**

Услови за вршење на работите:
- стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правен факултет и положен правосуден испит
- најмалку5 години работно искуство во струката по положен правосуден испит

Кандидатите покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место
- Нето плата ќе изнесува 42.958,00 денари
- Работни часови неделно: 40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30; Дневна пауза од 11:00 до 11:30 часот;Работни денови од понеделник до петок

2. **Виш судски соработник – категорија В, Ниво В-2 – 1 (еден извршител);**

Услови за вршење на работите:
- стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правен факултет и положен правосуден испит
- најмалку2 години работно искуство во струката по положен правосуден испит

Кандидатите покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции

утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место

- Нето плата ќе изнесува30.637,00 денари
- Работни часови неделно: 40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30; Дневна пауза од 11:00 до 11:30 часот; Работни денови од понеделник до петок

3. **Судски соработник – Категорија В, Ниво В-3 –2 (два) извршители;**

Услови за вршење на работите:

- стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правен факултет со положен правосуден испит со најмалку 1 (една) година работно искуство во струката

Кандидатите покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систаматизација на работните места за соодветното работно место
- Нето плата ќе изнесува29.580,00 денари
- Работни часови неделно: 40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30; Дневна пауза од 11:00 до 11:30 часот;Работни денови од понеделник до петок

4. **Самостоенсудски референт за прием и експедицијана пошта – КатегоријаГ, Ниво Г-1–1 (еден) извршител;**

Услови за вршење на работите:

- најмалку вишо или средно образованиеи најмалку 3 години работно искуство во струката

Кандидатите покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систаматизација на работните места за соодветното работно место
- Нето платата ќе изнесува22.071,00 денари
- Работни часови неделно: 40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30; Дневна пауза од 11:00 до 11:30 часот;Работни денови од понеделник до петок

5. **Самостоен судски референт – технички секретар на претседателот на судот – Категорија Г, Ниво Г-1 – 1 (еден) извршител**

Услови за вршење на работите:

-најмалку вишо или средно образованиеи најмалку 3 години работно искуство во струката

Кандидатите покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систаматизација на работните места за соодветното работно место
- Нето платата ќе изнесува 22.071,00 денари
- Работни часови неделно: 40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30; Дневна пауза од 11:00 до 11:30 часот;Работни денови од понеделник до петок

На интерниот оглас може да се пријават судски службеници, вработени во Управен суд кои ги исполнуваат посебните услови и компетенции за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво наведени во овој оглас, како и:

- Да е оценет со оценка „особено се истакнува“ или „се истакнува“ при последноното оценување
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво или во рамки на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- Да поминал најмалку две години на работното место на кое е распореден и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на посебните услови и компетенции, можат да ги приложат и следните докази:

- потврди за успешно реализирани обуки како посетител, не постари од 5 години
- потврди за успешно реализирани обуки како обучувач, не постари од 5 години
- потврди за успешно реализирано менторство како ментор
- потврди за успешно реализирано менторство како менториран

Рокот за пријавување на кандидатите е 5(пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот. Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите пополнетатапријавасо доказите за податоците содржани во пријавата, во хартиена форма ја доставуваат во приемното одделение на Управен суд.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Ненавремена, нецелосна и неуредна пријава нема да биде предмет на разгледување.

Времето и датумот на одржувањето на административната селекција и интервју ќе се објават на интернет страницата на судот.